| | |
|---|---|
| **Предмет :** Македонски јазик | III ( трето) одделение |
| **Наставно подрачје / тема:** Слушање и зборување | Време на реализација – 40 часа |
| Изработил : Одделенски наставник Наташа Тодоровска | ООУ „ Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| Адаптирал : | ООУ „ |

**РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ**

**Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**

- ✓ разбира слушнат текст: ги идентификува и опишува основните податоци (учесници/ликови, описи, локации, време), го резимира текстот, одговара на прашања и поставува прашања за текстот;
- ✓ учествува во разговор преку изразување мислење, поставување прашања и одговарање на прашања;
- ✓ користи правилна интонација и правилен изговор при говорење;
- ✓ раскажува и опишува менувајќи ја позицијата на раскажувач;
- ✓ прераскажува и раскажува, користејќи ги соодветно глаголските времиња (сегашно, минато определено и минато неопределено време), како и директниот и индиректниот говор.

| Содржини (и поими) | Стандарди за оценување | Часови | Активности | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Слушање со разбирање | Ги идентификува ликовите во слушнатиот текст и определува колку се, кој (и кога) зборува и како зборува (тивко, умерено или гласно) | 1 | *Учениците слушаат најава на позната анимирана серија за деца или реклама за здрава храна (**Пр.** Здрава храна за детство без мана - 5+ Фамилија https://www.youtube.com/watch?v=pnFi2HOIes0 и идентификуваат за која серија/реклама се работи, ги препознаваат ликовите, откриваат колку се и кои се, дали зборуваат гласно, тивко или умерено.<br>*Учениците индивидуално/парови/групи работат во работен лист поврзан со содржината на слушнатиот текст и изнесуваат сопствени заклучоци за тоа како е најдобро да зборуваме за да бидеме ислушани и правилно сфатени. | компјутер<br>звучници<br>видеобим/ ТВ<br>работен лист<br>тетратка | Одговор на прашања со целосна реченици<br>Идентификува ликови во слушнатиот текст<br>Одговори во работен лист;<br>Домашни задачи |
| | Го идентификува бројот на реченици | | *Учениците слушаат изразно читање на краток текст подготвен од наставник. Следат насоки да откријат од колку реченици е составен текстот. | презентација<br>подготвен | Одговор на прашања со целосна реченици |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | содржани во текстот додека го слуша текстот (најмногу пет реченици) | 1 | *Учениците повторно следат читање на текстот и гласно изговараат „ точка, прашалник или извичник“ кога мислат дека реченицата завршила (според смислата на реченицата и интонацијата во читањето).<br>*Наставникот ги истакнува речениците на презентација и учениците воочуваат дали правилно се искажале за интерпункцијата на речениците. Ги препишуваат речениците во тетратката. | текст од наставник<br><br>тетратка<br><br>прибор за пишување | Открива бројот на реченици во слушнат текст<br><br>Усни искази од ученици<br><br>Домашни задачи |
| | Опишува места, локации, изглед на предмети и лица според содржината на слушнатиот текст | 1 | *Учениците слушаат текст за некој град во Македонија. Учениците се запознаваат со изгледот на местото, поважни обележја, објекти, културно - историски споменици, природни убавини и сл. Може да се опишат и познати лица кои живеат/живееле и творат/твореле во тоа место.<br>*Учениците следат слики и видео линкови за местото кое се опишува во текстот (Битола, Крушево, Охрид, Скопје, Дојран, Прилеп. )<br>*Учениците работат во мали групи. Прават краток опис со помош на зададени прашања на местата, локациите, објектите и лицата од слушнатата содржина. | фотографии<br><br>компјутер<br><br>видеобим<br><br>работен лист<br><br>учебник<br><br>прибор за пишување | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Практичните изведби – усно и писмено опишува места, локации, изглед на предмети и лица<br><br>Домашни задачи |
| Слушање со разбирање | Резимира содржина на слушнат текст (усно и во пишана форма) | 1 | *Учениците слушаат краток извадок од биографијата на некој познат спортист/ка, музичар/ка, уметник/ца, и низ прашања се искажуваат за содржината и информациите кои ги запомниле.(*Текстот може да е претставен на презентација, заедно со видео линкови, фотографии за личноста за која се дисукутура на часот*).<br>*Учениците добиваат работен лист со слушнатиот текст и со повторно читање прават резиме на содржината со неколку куси речениците.<br>* Учениците играат „ДА - НЕ “ квиз со картички со цел да се проверат нивните знаења за некои истакнати личности во Македонија од различни професии. | фотографии<br><br>компјутер<br><br>видеобим<br><br>работен лист<br><br>прибор за пишување | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Одговори во работен лист;<br><br>Одговорите на квиз<br><br>Домашни задачи |
| | Идентификува и | | *Учениците слушаат изразно читање на басна. Следат насоки да препознаат време, место и начинот на вршење на дејството. Одговараат на прашања поврзани со | книга со басни | Одговор на прашања со целосна реченици |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | кажува податоци за времето, местото и начинот на вршење на дејството во слушнат текст | 1 | стандардот за оценување.<br>*Учениците во групи/парови добиваат работен лист, ја читаат повторно басната и ги потцртуваат зборовите каде го препознаваат времето, местото и дејството во басната. Усно презентираат и се води дискусија дали сите правилно ја извршија задачата.<br>*Учениците самостојно смислуваат 2-3 реченици во кои ќе употребат податоци за време, место и дејство.<br>**Пр.** Во недела во 12 часот ќе одиме на гости кај баба ми во с. Оризари. Таму ќе ги видиме новите јагниња и ќе си играме со нив. | работен лист<br><br>прибор за пишување | Одговори во работен лист<br><br>Идентификува податоци за времето, местото и начинот на вршење на дејството во слушнат текст<br>Домашни задачи |
| Слушање со разбирање | Опишува (усно или во пишана форма) особини на ликови, предмети и појави во слушнат текст | 1 | *Учениците работат во мали групи/парови. Секоја група/пар добива коцка – на секоја страна од коцката е прикажан по еден лик/предмет/животно/појави од претходно изучена приказна. Секој ученик во групата ја фрла коцката и го идентификува, именува и го опишува она што му се паднало.<br>*Учениците работат во тријади. Добиваат работен лист каде е претставена мрежа на коцка, а sидовите се означени со броеви од 1 до 6. Во полињата (1, 2, 3) се претставени слики (суштество, предмет, појава и сл), а 4, ,5 и 6 се празни полиња во кои учениците треба да го напишат опис за тоа што гледаат на сликата. Учениците се договараат која слика сакаат да ја изберат. Описот го пишуваат во соодветен број- како што се страните на коцка за играње( слика во 1- опис во 6, слика во 2, опис во 5, слика во 3, опис во 4) | модел на коцка изработен од хартија<br><br>работен лист со мрежа на коцка<br><br>прибор за пишување | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Одговори во работен лист;<br><br>Практичните изведби усно/писмено опишува особини на ликови, предмети и појави во слушнат текст<br><br>Домашни задачи |
| | Идентификува | | *Учениците ја играат играта „Испревртени реченици“. Наставникот им чита текст во кој има логични и нелогични реченици, како на пример: Шините оди по возот. Марија и Марко гледаат низ еден од прозорците на возот. Планината гледа и ја поздравува Марија. Возот стаса на станицата. Едни патници влегуваа, а други излегуваа низ вратите од возот. Куферот го зема Марко | презентација<br><br>компјутер<br><br>видеобим | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Одговори во работен лист; |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | нелогичности во слушнат текст | 2 | и се поздрави со Марија.<br>*Учениците ги откриваат нелогичностите, гизапишуваат речениците правилно и објаснуваат зошто е тоа правилно.<br>*Учениците добиваат работен лист со текст во кој треба да откријат што не е логично во текстот и дали е возможно да постои таков лик/предмет/ суштество и сл.<br>*Учениците одговараат на прашања и илустрираат според содржината. | бела табла<br>работен лист<br>прибор за пишување<br>боички | Идентификува нелогичности во слушнат и пишан текст<br>Домашни задачи |
| Слушање со разбирање | Одговара на прашања од различен тип (да/не-прашања, кој/што-прашања, каде/кога прашања, зошто прашања) во врска со слушната содржина | 2 | *Учениците слушаат текст( расказ, бајка, басна). Приказната може да е прикажана и на видобим за учениците повторно да ја прочитаат. Под текстот се поставени прашања од различен тип на кои учениците треба да дадат соодветен одговор<br>- Прашања од затворен тип ( ДАЛИ...?) ДА/НЕ одговор<br>- Прашања поврзани со одредување на:<br>ликови **КОЈ...?**, време **КОГА...?** место **КАДЕ...?** причнина **ЗОШТО...?**<br>**Пр:**<br>• Дали имаше ликови животни во текстот?<br>• Кој беше главниот лик, според вас?<br>• Што се зборува во текстот?<br>• Што се случи со главниот лик на крајот?<br>• Каде се случи настанот?<br>• Кога се случи настанот?<br>• Зошто се појави проблемот во текстот?<br>*Учениците писмено ги запишуваат одговорите во тетратка.<br>* Учениците добиваат работен лист со текст и насоки да го прочитаат. Во работен лист самостојно одговараат на прашања од различен тип(да/не, кој/што, каде/кога , зошто ) во врска со прочитаната содржина.<br>*Учениците гласно го читаат текстот и се изведуваат заклучоци по споделување на одговорите на | презентација<br>компјутер<br>видеобим<br>бела табла<br>работен лист<br>прибор за пишување<br>боички | Одговор на прашања со целосна реченици<br>Одговори во работен лист;<br>Практични изведби<br>Домашни задачи |

<table>
<tr><td rowspan="3">Слушање со разбирање</td><td></td><td></td><td>поставените прашања.</td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>Поставува прашања од различен тип (да/не-прашања, кој/што-прашања, каде/кога прашања, зошто прашања) поврзани со слушната содржина</td><td>2</td><td>*Учениците слушаат аудиозаписи претходно подготвени /избрани од наставникот за секојдневни комуникациски ситуации каде се искажува: благодарност, сочувство, извинување, одобрување/ комплименти, желби, барања, и сл.<br>*Учениците во парови се насочуваат да поставуваат прашања од различен тип: да/не-прашања, кој/што-прашања, каде/кога прашања, зошто прашања) поврзани со слушната содржина.<br>*Изведуваат игри за симулација на разговор каде едниот ученик прашува, а другиот дава одговор. Потоа ги менуваат улогите.<br><br>*Учениците се поделени во парови. Треба да состават телефонски разговор помеѓу нив во кој ќе користат прашања од различен тип.Учениците го составуваат разговорот во работен лист, а потоа читаат во парови.</td><td>презентација<br>компјутер<br>видеобим<br>звучници<br>бела табла<br>работен лист<br>прибор за пишување<br>боички</td><td>Одговор на прашања со целосна реченици<br>Одговори во работен лист;<br>Практични изведби -усно и писмено поставува прањаша од различен тип<br>Домашни задачи</td></tr>
<tr><td>Идентификува непознати зборови во слушнат текст и го опишува нивното значење со свои зборови</td><td>2</td><td>*Учениците слушаат текст и секогаш на непознат збор од текстот извикуваат „СТОП“. Го кажуваат непознатиот збор, го запишуваат и го објаснуваат неговото значење според тоа што го сфатиле од контекстот.<br>*Секој ученик добива лист поделен на четири дела каде се дадени насоки каао да даде објаснување на еден непознат збор кој сам ќе ги избере од слушнатиот текст.<table><tr><td>Непознат збор</td><td>Објаснување на значењето на зборот</td></tr><tr><td>Реченица во која ќе се употреби зборот</td><td>Цртеж од она што означува самиот збор</td></tr></table>*Учениците добиваат работен лист во кој сретнуваат зборови кои им се непознати. Во табела треба да се обидат да го дадат своите објаснување според контектот</td><td>презентација<br>компјутер<br>видеобим<br>звучници<br>бела табла<br>работен лист<br>прибор за пишување</td><td>Одговор на прашања со целосна реченици<br>Одговори во работен лист;<br>Практични изведби - идентификува непознати зборови во слушнат текст и ги објаснува со свои зборови<br>Домашни задачи</td></tr>
</table>

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | на содржината на текстот и како го разбрале.<br>*Објаснувања за зборовите бараат со пребарување на клучните зборови на интернет и го запишуваат нивното точно значење. | боички | |
| Говорење со разбирање | Соодветно употребува фрази од секојдневни комуникациски ситуации во различни контексти | 1 | *Учениците, поделени во мали групи/парови, добиваат задача со различна комуникациска ситуација. Секоја група/пар симулира дека се наоѓа на пазар, во продавница, аптека, спортски клуб или на друго место од нивното секојдневие и учениците комуницираатпреку поставување прашања соодветни на ситуацијата и одговарање на нив. Улогите се менуваат за да се овозможи секој да поставува прашања и да одговара.<br>*Учениците во парови/ мали групи добиваат работен лист со слика на која е претставена комуникациска ситуација од секојдневниот живот. Се договараат засимулирање на ситуацијата и кои фрази ке ги користат. Ги запишуваат во работен лист и презентираат пред соучениците. | презентација<br><br>компјутер<br><br>видеобим<br><br>звучници<br><br>бела табла<br><br>работен лист<br><br>прибор за пишување | Одговор на пра-шања со целосна реченици<br><br>Одговори во работен лист;<br><br>Употребува фрази од секојдневни комуникациски ситуации<br><br>Домашни задачи |
| | Усно искажува свое мислење за зададена проблемска ситуација од секојдневниот живот | 2 | *Учениците се поделени во 3 - 4 групи. Извлекуваат картичка со проблемска ситуација од секојдневниот живот.<br>1. Твојата топка паднала во соседниот двор. Соседот не дозволува влегување без прашање, а играта е во тек... Што ќе направиш?<br>2. Во автобус влегува баба. Нема место да седне. Ти седиш со претежок ранец од тренинг. Што ќе направиш?<br>3. Другарчињата те викаат на играње, а ти немаш напишано домашно иако дома вети дека прво ќе ги завршиш обврските. Што ќе направиш? и сл.<br>*Учениците во група дискутираат за ситуцијата и заземаат заеднички став за поставеното прашање. | картички со проблемски ситуации<br><br>презентација<br><br>компјутер<br><br>видеобим<br><br>работен лист | Одговор на пра-шања со целосна реченици<br><br>Одговори во работен лист;<br><br>Усно искажува свое мислење за зададена проблемска ситуација од секојдневниот |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Презентација на групите и дискусија како би постапиле тие во истакнатите ситуации. | прибор за пишување<br><br>учебник<br><br>тетратка | живот<br><br>Домашни задачи |
| | | | *Учениците одбираат тема на која повеќемина би сакале да споделат искуство (посета на спортски натпревар, посета на училишна претстава, караница во училишниот двор и слично). Раскажуваат со помош на насочувачки прашања:<br>• Што се случи на почетокот?<br>• Потоа каде се упативте, што направивте?<br>• Како заврши таа случка?<br>• Што научивте од тоа искуство?<br>*Учениците следат слики/видео инсерти од различни ситуации (пријатни/ непријатни) и се насочуваат да се искажат дали некогаш се нашле во таа ситуација.<br>Запишуваат краток план со цел да го запазат редоследот на случувањата во настанот, а потоа усно го раскажуваат што им се случило пред учениците. | | |
| | Усно раскажува настани од сопствено искуство според редоследот на случување | 2 | *Учениците раскажуваат како го поминале летниот распуст по даден план со цел редоследно да се искажуваат за настаните. (Говорна вежба- „Летни доживувања“) | тетратка<br><br>работен лист | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>практични изведби- усни и писмени искази од учениците<br><br>домашни задачи |
| | | | *Учениците раскажуваат за омилен празник од зимскиот распуст, каде и со кого го прославиле со редоследно редење на настаните. | | |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Говорење со разбирање | Користи нови зборови при усно изразување во согласност со темата или комуникациската ситуација<br><br>Го прилагодува тонот, интонацијата и стилот на говорење на комуникациската ситуација | 2 | *Учениците читаат зборови прикажани на презентација /запишани на табла (шерне, мјутне, кикне, скрин, принтање, пастирање и сл). Се поведува разговор дали ги имаат слушнато овие зборови и дали ги имаат применувано во усното комуникација.<br>Се истакнува дека тоа се зборови од странско потекло за кои ние имаме наши зборови, но преголемото користење на интернетот и слушање на странскиот јазик овозможи тие да навлезат и во нашата комуникација.<br>(*Со новите платформи за држење настава на далечина се јави потреба од еден цел нов вокабулар поврзан со софтверот за видеоповици*).<br>*Учениците во парови или мали групи создаваат кратки дијалози каде применуваат нови зборови.<br>*сајбер булинг, флеш моб, гејмер, хакер, шопинг, јутубер,маркет, мол, вифи...*<br>*Учениците во двојки добиваат илустрации и соодветен дијалог на илустрацијата кои ги драматизираат. На пр. роденденска забава кај соученик, во канцеларијата на педагогот, говор пред училишната заедница. Потоа дискутираат каде и како би зборувале, со каков тон, дали би се обраќале со вие и слично.<br>*Секој пар се претставува со драматизацијата, а останатите ученици следат како се прилагодува тонот, како се користи соодветната интонација и стилот на говорење од страна на учениците што драматизираат | презентација<br><br>видеобим<br><br>компјутер<br><br>табла<br><br>работен лист | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Одговори во работен лист;<br><br>Применува нови зборови при усно изразување<br><br>Домашни задачи |
| Изговор | Самостојно дели разносложни зборови на слогови | 2 | *Учениците се поставени во круг. Секој ученик треба да каже еден збор, а другите ученици со плескање со дланките да го изговороат делејќи го на слогови.<br>Пр. вра-та, топ-ка, ре-жа-ло, лу-бе-ни-ца....<br>*Учениците добиваат краток текст/песна поделен на слогови. Ги читаат зборовите и се искажуваат од колку слогови се составени ( два слога, три слога )<br>*Учениците поделени во групи играат квиз. Од кутија извлекуваат зборови и треба правилно да го изговорат | презентација<br><br>компјутер<br><br>дигитални алатки<br><br>видеобим | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Одговори во работен лист;<br><br>Дели разносложни |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изговор | | | зборот делејќи го на слогови.<br>*Учениците играат интерактивни игри со слогови изработени во LearningApps, Wordwall, Liveworksheets… | работен лист<br>прибор за пишување | зборови на слогови<br><br>домашни задачи |
| | Идентификува погрешно изговорени зборови и ги кажува правилно | 1 | *Учениците слушаат текст од повеќе реченици (од аудио запис или го чита наставникот). Во секоја реченица има најмалку еден погрешно изговорен збор (погрешно акцентиран или изговорен на нестандарден јазик). Учениците треба да ги идентификуваат погрешно изговорените зборови и да кажат како треба точно да се изговорат.<br>**Пр.** нејќам- не сакам, че-ќе, шо-што, шес-шест, чушки-пиперки, френки-домати.... | презентација<br><br>компјутер<br><br>дигитални алатки<br><br>видеобим<br><br>работен лист | Одговор на пра-шања со целосна реченици<br><br>Одговори во работен лист;<br><br>Идентификува погрешно изговорени зборови и правилно ги кажува<br><br>Домашни задачи |
| | Користи правилна интонација при кажување на расказни, прашални и извични реченици | 1 | *Учениците поделени во групи добиваат краткиреченици кои се напишани со соодветни интерпункциски знаци. Секој од групата чита по една реченица со правилна интонација, а другите погодуваат дали реченицата е расказна, прашална или извична. На крајот дискутираат зошто е важна правилната интонација за разбирање на речениците(пр. не се повишува тонот при изговорот на расказната реченица).<br><br>*Учениците индивидуално работат во работен лист. Во речениците се изоставени интерпункциски знаци. Учениците треба правилно да ги напишат и да ги прочитаат со соcдветна интонација. | картички со реченици<br><br>презентација<br>компјутер<br><br>видеобим<br><br>работен лист | Одговор на пра-шања со целосна реченици<br><br>Одговори во работен лист;<br><br>Користи правилна интонација при изговор на различни видови реченици<br><br>Домашни задачи |
| | | | *Учениците слушаат приказна, а потоа усно ја прераскажуваат по посочен модел: Си била една мома која живеела во една далечна земја. Таа имала... Секој | тетратка<br><br>книги | Одговор на пра-шања со целосна реченици |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Усно прераскажу-вање, раскажување и опишување со правилна употреба на сегашно време, минато определено време минато неопределен о време (без дефинирање на глаголските времиња) | Прераскажува со правилна употреба на реченици во минато неопределено време. | 2 | ден одела ... Секој ден вредно работела...<br>*Учениците усно прераскажуваат расказ од омилена книга која ја прочитале ( расказ од лектирно дело) Прераскажува за случка/настан на кој бил сведок или му раскажале. | соодветни на возраста на учениците | Одговори во работен лист;<br><br>Усно прераскажува со употреба на реченици во минато неопределно време<br><br>Домашни задачи |
| | Усно раскажува за секојдневни настани и случувања со употреба на сегашно време и минато определено време. | 2 | *Учениците се искажуваат по зададена тема: „Како учам за да научам“ или „Мојот дневен распоред“ и сл. Следат насоки за правилно да раскажуваат како учат, како го организираат својот ден, што прават за да го постигнат тоа и сл. При искажувањата користат сегашно време.<br>*Учениците преку прашања раскажуваат за настан/случка. Добиваат пример кој ги насочува да раскажуваат користејќи минато определено време.<br>**Пр.**: Кога бев болен од сипаници, целото тело ме чешаше. Татко ми ме мачкаше со бела течна пудра. | презентација компјутер<br><br>видеобим<br><br>работен лист<br><br>тетратка | Одговор на пра-шања со целосна реченици<br><br>Одговори во работен лист;<br><br>Усно раскажува за настани и случки со употреба на сегашно време и минато определено време.<br><br>Домашни задачи |
| | Раскажува кратка приказна врз основа на серија слики како сведок раскажувач. | 2 | *Секој ученик добива лист со илустрации кои треба да ги доцртаат и да раскажат нивна приказна како сведоци на настанот/настаните. Пр. Наставниот лист е поделен на четири дела со сликички. На првата сликичка има парк и деца кои играат 10 со топка. На втората има само дете. На третата сликичка има топка. Четвртата коцка ја доцртуваат сами со обединување на прикажаното во трите сликички и раскажуваат што се случувало.<br>*Учениците во групи добиваат слики со различна | презентација<br><br>компјутер<br><br>видеобим<br><br>работен лист | Одговор на пра-шања со целосна реченици<br><br>Одговори во работен лист;<br><br>Раскажува кратка приказна врз основа на серија |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Усно прераскажу-вање, раскажување и опишување со правилна употреба на сегашно време, минато определено време минато неопределено време (без дефинирање на глаголските времиња) | | | содржина. Во групите се договараат каква приказна да состават од понудената илсустрација. Секој член во групата треба да раскажува како да е сведок на настанот од приказната. Прават краток план кој ученик кој дел ќе го раскажува- Нашата приказна.... | тетратка | слики како сведок раскажувач<br><br>Домашни задачи |
| | Раскажува приказна за настани/случки како протагонист/ главен лик), претставувајќи ги хронолошки и со правилна употреба на глаголските времиња. | 2 | *Учениците слушаат приказна/расказ во кој главен јунак е дете на нивна возраст кое постапува храбро и чесно во одредена ситуација, а настаните се претставени хронолошки. Учениците по овој пример раскажуваат слична приказна, од своето искуство или измислена, во која тие се главни јунаци и настаните ги презентираат по редослед. При тоа користат прво лице во минато време (како бев, видов, зедов, најдов, качив...).<br><br>*Учениците добиваат серија на слики(4-6) со измешан редослед. ( со содржини од секојдневниот живот - училиште, улица, роденден, спорт и сл.) Треба да ги подредат по хронолошки редослед, а потоа да раскажат за настанот/ случката како да се тие главни ликови во неа.<br>*Предлог идеи за слики* : https://rb.gy/2fbxx | текст подготвен од наставник<br><br>презентација<br><br>серија на слики(4-6) со<br><br>https://rb.gy/2fbxx | Одговор на пра-шања со целосна реченици<br><br>Одговори во работен лист;<br><br>Раскажува случки какао главен лик и хронолошки ги подредува настаните<br><br>Домашни задачи |
| | Раскажува на зададена тема или на тема по избор, користејќи соодветен вокабулар и употребувајќи глаголи во сегашно и минато време. | 2 | *Учениците дискутираат на зададени теми/ тема по свој избор:<br>- Омилена емисија/серија за деца ;<br>- Омилена игра(во семејството, со другари, оналајн и сл).<br>Учениците користат зборови соодветни на темата и внимаваат да раскажуваат во сегашно време и во минато време, како на пр. **Пр.** Јас ја сакам оваа серија бидејќи... Во неа има ... ликови кои....Кога бев мал ја сакав играта...затоа што...<br><br>*Учениците се подготвуваат за говор на одредена тема по претходно добиени насоки<br>(Пр. Здрава храна, Кучето е најдобар пријател начовекот, Книгата е извор на знаењето, Прошетка во природа, Еко акции и сл.). За подготовката на говорот | презентација<br><br>компјутер<br><br>видеобим<br><br>работен лист<br><br>тетратка | Одговор на пра-шања со целосна реченици<br><br>Одговори во работен лист;<br><br>Усно/писмено раскажува по зададена тема<br><br>Домашни задачи |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | добиваат упатство да употребуваат кратки реченици и зборови кои се специфични и се однесуваат на темата која ја избрале. | | |
| Усно прераскажу-вање, раскажување и опишување со правилна употреба на сегашно време, минато определено време минато неопределен о време (без дефинирање на глаголските времиња) | Опишува лица, ликови, растенија, животни, природни појави, пејзажи со правилна употреба на именски зборови (именки, придавки, броеви, заменки) | 1 | *Учениците ја опишуваат околината по спроведено набљудување во блиската околина. По насока на наставникот користат описи за конкретните предмети, објекти и суштества што ги виделе. Пр. Нашата улица е голема и светла. Во нашата улица има зелен дрворед со многу високи дрвја. На улицата има и многуавтомобили, по два пред секоја куќа. Кога врне силен дожд улицата се полни со вода на едниот крај. Зад нашата улица има големо игралиште ....<br>*Учениците добиваат работен лист со слика со пејзаж/суштество/природна појава... Усно опишуваат што гледаат на неа со насоки да употребуваат именки, придавки, броеви, заменки. | работен лист<br><br>тетратка | Одговор на пра-шања со целосна реченици<br><br>Одговори во работен лист;<br><br>Опишува лица, ликови, растенија, животни, природни појави, пејзажи со употреба на придавки<br><br>Домашна работа |
| | Преобликува со индиректен говор дијалошки форми, користејќи реченици различни по содржина (раскази, прашални, извични, потврдни, одречни (– Кате, дај ми ја книгата, те молам! – Почекај ме да допишам, Никола! / Никола ја замоли Кате да му ја даде книгата. Кате му рече да ја почека да допише.). | 2 | *Учениците слушаат текст со директен говор и имаат за задача да го трансформираат во индиректен.<br>**Директен говор:**<br>– Лела, дојди кај нас во дворот да си играме.<br>– Ќе дојдам веднаш Сара, само да им кажам дома.<br>**Индиректен говор:**<br>Сара ја повика Лела да си играат во дворот. Лела ѝ рече дека ќе дојде само да им каже дома.<br><br>*Учениците работат во парови и составуваат дијалози од по три реченици, користејќи расказни, прашални, извични, потврдни и/или одречни форми. Ги разменуваат составените дијалозите со друг пар и „туѓите“ дијалози ги трансформираат од директен во индиректен говор.<br>**Директен говор:**<br>- Кате, каква е книгата која ја читаш?<br>- Интересна! Многу интересна е Никола! | презентација<br><br>компјутер<br><br>видеобим<br><br>работен лист<br><br>тетратка | Одговор на пра-шања со целосна реченици<br><br>Одговори во работен лист;<br><br>Претвара директен во индиректен говор<br><br>Домашни задачи |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | - Штом е така ќе ми ја позајмиш кога ќе ја дочиташ. | | |
| | Преобликува реченици со различна комуникациска цел од индиректен говор во дијалошки форми (Библиотекарот нè праша кога ќе си одиме. Му рековме дека имаме уште малку за пишување. – „Кога ќе си одите, ученици?“ „Имаме уште малку работа, библиотекаре“). | 2 | *Учениците слушаат текст и одговараат на прашањата поврзани со разговор на ликовите и главниот настан.<br>Се насочуваат да составуваат дијалог од индиректтниот говор од текстот.<br>**Индиректен говор:**<br>Библиотекарот нè праша кога ќе си одиме. Му рековме дека имаме уште малку за пишување.<br>**Директен говор:**<br>– „Кога ќе си одите, ученици?“ „Имаме уште малку работа, библиотекаре“).<br>*Учениците работат во парови и ги трансформираат речениците од индиректен во директен говор дадени во наставен лист.<br>**Индиректен говор:**<br>Мики го викна Бојан и му кажа дека Биби ги чека кај киоскот.<br>**Директен говор:**<br>Мики го викна Бојан и му рече: - Биби не чека кај киоскот). | презентација<br><br>компјутер<br><br>видеобим<br><br>работен лист<br><br>тетратка | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Одговори во работен лист;<br><br>Претвара индиректен во директен говор<br><br>Домашни задачи |

resursi.literatura.mk